АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 02-02. 2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 617 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 17 јануари 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 февруари 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

   – **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 29.11.2017 година, за непочитување на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-445 од 29.11.2017 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 17 јануари 2018 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил

извршената повреда на член 92 став 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***